МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД
Бр. 02-2205/6
25.04 20 18 год.
Прилеп

Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Собранието на акционери на седницата одржана на 25 април 2018 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## За вложувања и развој – раст на Друштвото

**Член 1**

Со цел осигурување на развој и долгорочен раст на Друштвото, се одлучи во следните неколку години да бидат превземени значајни инвестиции.

Инвестициите генерално ќе се однесуваат на:

- Софистицирана опрема за фабриката и рудникот – заради подобрување на продуктивноста и квалитетот на производот;
- Експанзија - модернизација на инфраструктурата, вклучувајќи и канцелариски згради и објекти;
- Вложувања во истражување и развој и проширување на нови локалитети;
- Превземања во земјата и/или во соседните земји во Балканскиот регион.

Горенаведените инвестиции Друштвото ги финансира од сопствени средства.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Заради обезбедување на понатамошен развој и долгорочен раст, потребно е Друштвото континуирано да инвестира во зголемување на продуктивноста, подобрување на квалитетот на производот, експанзија, истражување и развој и превземања.

За финансирање на овие цели се планира Друштвото да употреби свои средства кои ќе бидат обезбедени од сопствени извори (добивка) од претходните, тековната и идни години.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседавач на Собрание**

МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп

[1] 02-2205/6 [2018]